24.07.2025 година

**Архивски број :** 04-7475/8

Врз основа на Член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016.142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ, бр. 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017: 11/2018; 275/2019: 14/2020; 215/2021; 99/2022; 208/2024 210/2024), Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ОДЛУКА

**за избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник по јавен оглас**

1. За работното место број 1: **УПРО101Б03000 Помошник раководител на сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)** во Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство се избира кандидатот **Оливер Стефановски**.

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по конечноста на Одлуката, за што Министерот ќе донесе посебно Решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр 10-1268/5 од 23.06.2025 година, во функција за спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи за работно место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 468/2025 година објавен на 11.06.2025 година во дневните весници „Слободен Печат", "Нова Македонија" и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување по Јавен оглас Комисијата до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достави Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување број 10-1268/9 од 22.07.2025 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**

Борче Серафимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE I СКОПЈЕ-SHKUP

ДОСТАВЕНО ДО:

- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Агенција за вработување


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015